Државно училиште за рехабилитација

на деца и младинци со оштетен вид

**Димитар Влахов** – Скопје

*Ул. „Народни Херои'' бр.8 – Скопје*

*Тел:078/449956*

*e-mail:durmovdimitarvlahov24@gmail.com*

Врз основа на Член 1,Член 2,Член 3,Член 4 од Закон за заштита од пушењето(„Службен весник на Република Македонија" бр. 36/95, 70/03, 29/04, 37/05, 103/08, 140/08, 35/10, 100/11, 157/13 и 51/18)и врз основа на член 19 став (12), (13), (14), (15), (16), (17), (18), (19), (20),закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година и Член 1,Член 2,Член 4 и Член 25 од законот за контрола на опојни droги и психотропни супстанци (Службен весник на Република Македонија бр 124/10,164/13,149/15,37/16,53/16 и 193/17),Училишниот одбор на ДСУРЦ„Димитар Влахов,,- Скопје го донесе следниот:

**Правилник**

# ПРОЦЕДУРА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПРИ НАРУШУВАЊЕ НА ПОЛИТИКИТЕ ЗА ЗАБРАНА ОД КОРИСТЕЊЕ НА АЛХОХОЛ, ПУШЕЊЕ ТУТУН И НАРКОТИЧНИ СРЕДСТВА

## 1. Општи одредби

Со Оваа процедура-правилник се утврдуваат основните правила со кои се обезбедуваат услови за правилно функционирање на работата на училиштето, односно се обезбедува ред и дисциплина и непречено одвивање на воспитно-образовната дејност.

Составен дел на правилникот процедурата на училиштето се и кодексите со кои се определуваат должностите на вработените, учениците и родителите.

Секое непочитување на одредбите од оваа процедура повлекува изрекување на санкциона мерка определена со правилници на училиштето.

- ***<u>Правилник за учениците</u>***

▪ Во училиштето ученикот треба да биде совесен, одговорен, со должно почитување кодексите;

. Со овој Правилник се уредува заштитата од штетните дејствија на пушењето на тутун и други производи од тутун врз учениците, зачувувањето на здрава животна

средина, забрана на пушењето во одредени јавни простории и забрана за рекламирање на цигарите.

.Јавни простории во смисла на овој правилник согласно законот закон се подразбираат: објекти во кои се врши воспитно-образовна дејност и објекти за престој и сместување на деца, ученици и студенти; објектите на здравствените и социјалните установи; ñ затворени и отворени простории во кои се одржуваат спортски натпревари, културни манифестации, собири и други јавни приредби; ñобјекти во кои се произведува, подготвува, служи, или консумира храна; ñ простории во кои се одржуваат состаноци и средби и други простории (сали, канцеларии, чекални и ходници) кои ќе ги определи со акт правното лице согласно законот .

Кон ученикот кој не ги извршува обврските и ги повредува правилата на воспитно-образовната работа се применуваат следниве педагошки мерки:

- усна опомена, писмена опомена,

-укор,

-намалување на поведението.

(2) Истовремено со изрекување на педагошките мерки од ставот (1) на овој член, директорот на училиштето формира тим за поддршка кој ќе работи со родителот, односно старателот, ученикот, наставникот и паралелката, со цел надминување на проблемот. Тимот за поддршка е составен од двајца претставници од редот на стручните соработници и еден наставник. лица, (социјален работник) да учествуваат во тимот за поддршка. (3) Начинот на изрекување на педагошките мерки го пропишува министерот, на предлог на Бирото.

- ***<u>Правилник за вработените</u>***

Со овој Правилник се уредува заштитата од штетните дејствија на пушењето на тутун и други производи од тутун врз учениците , зачувувањето на здрава животна средина, забрана на пушењето во одредени јавни простории и забрана за рекламирање на цигарите.

Јавни простории во смисла на овој правилник согласно законот закон се подразбираат: објекти во кои се врши воспитно-образовна дејност и објекти за престој и сместување на деца, ученици и студенти; објектите на здравствените и социјалните установи; ñ затворени и отворени простории во кои се одржуваат спортски натпревари, културни манифестации, собири и други јавни приредби; ñобјекти во кои се произведува, подготвува, служи, или консумира храна; ñ простории во кои се одржуваат состаноци и

средби и други простории (сали, канцеларии, чекални и ходници) кои ќе ги определи со акт правното лице согласно законот.

Процедурата во врска со забраната на употреба на алхохол на работно место е уредена и со законот за наставници и стручни соработници кој пропишува:

- За наставник кој прави потешки прекршувања на Етичкиот кодекс за наставниците и стручните соработници се поведува дисциплинска постапка.

Дисциплинската постапка ја спроведува дисциплинската комисија на начин утврден со статутот на училиштето.

Директорот, врз основа на предлогот на дисциплинската комисија, донесува решение за изрекување дисциплинска мерка.

-Доколку постои основано сомневање дека на наставникот му е нарушено менталното здравје односно заради болести или други околности кои можат како било да го оневозможат или суштествено да го ограничат при извршувањето на обврските, или можат да го загрозат здравјето или животот на другите вработени и учениците при извршување на неговите обврски, директорот задолжително го упатува наставникот на вонреден комисиски лекарски преглед за преиспитување на способноста за реализација на работните обврски во надлежна здравствена установа

Наставникот кој е упатен на вонреден комисиски лекарски преглед нема право да го одбие упатувањето на вонреден комисиски лекарски преглед.

Доколку наставникот го одбие упатувањето на вонреден комисиски лекарски преглед од на овој член, му престанува работниот однос по сила на овој закон.

ДСУРЦ„Димитар Влахов„-Скопје

Претседател на У.О

_________________________